Engineering progress
Enhancing lives

# Кодекс на однесување.

Задолжителни правила на однесување за сите вработени во РЕХАУ

REHAU

# Содржина

**04** Одговорност кон човештвото и заедницата
**05** Почитување на законите
**06** Интегритет и независност во работењето
**07** Работа со деловни партнери и носители на одлуки
**08** Донации и спонзорства
**09** Конфликти на интереси

# Култура на фирмата и кодекс на однесување!

Како фамилијарна компанија, ориентирана кон вредности, секогаш сме должни за исполнување на основните вредности, кои се опфатени во нашата деловна култура ( вметнати во документот Кој сме ние. Како работиме).

Кодексот на однесување ги спроведува овие основни вредности во правилници за однесување во различни ситуации во нашата секојдневна работа.



**Култура на фирмата**

Притоа РЕХАУ, им верува на своите вработени дека тргнувајќи од основната деловна култура, самостојно размислуваат и во своите потапки користат здрав разум.

РЕХАУ е фирма која е распространета ширум светот во различни земји и култури. РЕХАУ е свесен за своето постоење и очекува , да се работи со респект кон сите менталитети во различни региони. Работиме локално, но секогаш со единствена деловна култура и вредности кои се заедништво на целата група. Така, Кодексот на однесување важи насекаде во светот и негова „регионална" интерпретација не е дозволена.

Секое лице кое е вработено во РЕХАУ го застапува РЕХАУ секојдневно и неговиот настап трети лица го припишуваат на целата компанија.. Од оваа причина РЕХАУ очекува сите вработени да се свесни за одговорноста која ја носат со своето работење. Поголема одговорност носат секако претпоставените од сите класи, кои се пример за деловната култура и Кодексот на однесување и се грижат за нивно исполнување во соодветните области на надлежност.

# Одговорност кон човештвото и заедницата

Се подразбира почитувањето на интернационално признатите човекови права и елементарните принципи на економската етика во согласност со десетте универзално признаени принципи во Глобалниот Договор на Обединетите Нации, за сите нас. Ако во некој конкретен случај не сме сигурни дали некое одредено однесување или одлука се етички исправни, внимателно ги одмеруваме нашите мотиви и го приложуваме прашањето на претпоставените за да може да одлучат.

Во РЕХАУ не е дозволена дискриминација како расни разлики, етничко потекло, пол, религија, различни погледи на светот, хендикепираност, старост, сексуален идентитет или други карактеристики за личноста. РЕХАУ не дозволува работа на деца и принудна работа и се грижи за околината. Здравјето и сигурноста се од особено значење на нашите работни места.



**Социјална одговорност**

РЕХАУ одбегнува секакви ,дури и привидни, неетички или илегални однесувања. Очекуваме и од нашите деловни партнери да ги почитуваат етичките кодекси.

Взаемно почитување, професионалност, сериозност, учтивост и фер однос во рамките на компанијата и надвор, го одликуваат нашиот настап и однесување.

Како работодавец РЕХАУ ги почитува важечките закони и ги подржува принципите на деловната култура, во кои човекот како индивидуа е во центарот на случувањата.

РЕХАУ се дистанцира од секакви политички или религиозни активности, кои го засилуваат екстремизмот или се спротивни на нашата претстава за културни разновидности и еднакви шанси.

# Почитување на законите

РЕХАУ ги почитува важечките закони. Системот за управување со усогласеност (Compliance Management System) приспособен според ризиците, видот и големината во РЕХАУ групацијата овозможува, сите вработени на РЕХАУ а посебно претпоставените да ја превземат и одговорноста која им припаѓа и да обезбедат усогласување со законите во нивната област. Системот за управување со усогласеност детално е опишан во процедурата LEG020-HQ (Compliance Managenement System).




**Почитување на законите**

Претпоставените, со подршка на правното одделение се одговорни за тоа, сите вработени кои работат под нивна одоговорност да се информирани и да имаат пристап кон потребните ресурси и информации.

Во никој случај, за постигнување од нашите цели не смееме да се служиме со измамнички дејствија и средства како на пр. фалсификување на документи или изработка на документи со невистината содржина.

Оној кој ќе утврди или се сомнева во прекршоци на важечките правни регулативи или Кодексот на однесување, може да ги користи сите начини за директна комуникација како: денот за разговор, директно во извршниот одбор, на претпоставените, повик на сите одговорни лица во рамките на организацијата за усогласеност (Compliance Organisation) итн. за пријава на случајот. Како дополнителна можност постои систем за информирање, раководен од трети лица, за да се обезбеди анонимност на лицето кое пријавува.

И кај пријавите по пат на директна комуникација посебно е заштитен идентитетот на лицето кое дава информација во однос на претпоставениот и во однос на лицата, за кои постои сомнение.

Забранети се мерки против вработени, кои пријавите ги направиле со добра намера.

Испитувањата на случаите се спроведуваат во согласност со важечките закони и заштита на податоците.

# Интегритет и независност во работењето

РЕХАУ преку квалитетот на своите производи и услуги ја изразува својата техничка компетентност и интегрираниот настап на своите вработени. РЕХАУ се залага за фер и искрен натпревар со конкуренцијата.

Ние не договараме услови со конкуренцијата како на пр. цени, рабати, услови за продажба и плаќање или технички карактеристики.

Нашето однесување како на пр. во однос на продажните канали, продажните области и целните клиенти, никогаш, дури ни со молчење, не го усогласуваме со нашата конкуренција. Не разменуваме релевантни информации за РЕХАУ со конкуренцијата, за да избегнеме договорено однесување.

Оној кој има сомнеж за тоа дали некое однесување е во спротивност со правилата за конкуренција, треба да побара совет од одговорните лица во правна служба и службата ‚Compliance"

РЕХАУ ги почитува деловните тајни и правата на заштита од трети лица и го штити својот Know How.

# Работа со деловни партнери и носители на одлуки

Веќе со децении почитуванато правило " РЕХАУ не подмитува" и понатаму останува да важи. РЕХАУ се воздржува од секое недозволено влијание на јавни службеници, носители на одлуки и деловни партнери со примена на неодмерени предности од секаков вид. Како мерка на однесување се сметаат важечките закони, особено оние поврзани со гостопримството и забавата, или усогласеноста со принципите, дозволени за вообичаена деловна учтивост. При прифаќање на подароци и други понуди, практикуваме воздржаност, за да можеме во секое време да бидеме слободни и да ги браниме интересите на РЕХАУ без никакви влијанија.

Овде наведените правила се прецизирани во РЕХАУ правилникот за антикорупција, кој задолжително е дел на Кодексот на однесување.

Оној кој во конкретниот случај има сомнежи, за придржување на горенаведените правила и на правилникот за антикорупција, посебно за соодветноста на вредноста на подароците и поканите или пак за нивниот деловен карактер, треба да разговара со неговиот претпоставен или пак со одговорното лице за "Compliance".



**Справување со официјални партнери**

# Донации и спонзорства

Донациите на објекти и лица се даваат со за РЕХАУ заеднички корисна цел и се независни од конкретните деловни процеси.

**За донации од РЕХАУ важат следниве правила:**

- служат за одржување на имиџот на РЕХАУ во смисла на добра општествена одговорност.
- имаат географска врска со надлежното продажно биро.
- не се поврзани со конкретна противуслуга.
- се дава предност на донации во организации, во кои се активни вработени од РЕХАУ.
- целта за донација мора да биде конкретно дефинирана, и не смее само да претставува незабележлив придонес меѓу многуте.




Спонзорството се разликува од донацијата. Тука се работи за надоместоци од РЕХАУ на организации во областите образование, култура, спорт и слободни активности, кои се извршуваат во рамките на маркетинг и кои се поврзани со конкретна услуга на пр. реклама.

# Конфликти на интереси

Конфликти на интереси настануваат ако со еден работен процес се погодени приватни интереси на личноста или нејзини блиски лица. Како блиски лица се означуваат роднини, блиски пријатели или животен партнер.

Конфликтите на интереси може, независно дали директно се загрозени конкретни интереси на РЕХАУ, да влијаат на имиџот на РЕХАУ, да предизвикаат штети и да ги доведат во тешкотии инволвираните вработени. Затоа отворено треба да биде укажано на конфликтите на интереси.

Вработените кои ќе се најдат во потенцијален конфликт на интереси, навреме и отворено треба да го известат претпоставениот. Тој ќе одлучи за начинот на решавање на овој конфликт на интереси, така што одговорноста за предметната работа, ќе ја додели на друго лице, кое не смее да биде подредено на лицето кое е погодено од конфликтот на интереси.

Забранети се споредни вработувања надвор од РЕХАУ кои може а влијаат на навременото исполнување на задачите од страна на лицата кои се вработени во РЕХАУ, како и мандати на советници кај трети лица со кои РЕХАУ има деловни контакти или со кои РЕХАУ е во конкурентен однос.



**Конфликти на интереси**

**Тука спаѓаат:**

- Вработување на блиски личности.
- Удел поголем од 1% во компании или групации со кои РЕХАУ има деловни или конкурентни односи, но и извршување на формални или менаџерски функции (управни, надзорни, административни одбори, директорски функции, т.е. вистинско извршување на такви формално необјавени функции) во такви компании како и вршење на советодавни функции.
- Деловни врски со блиски лица или фирми, доколку блиското лице има значителни финансиски удели во нив, врши функција или на некој друг начин може значително да влијае на одлуките на таа компанија.
- Членство во организации, чии цели и активности се конкретно поврзани со предметниот деловен однос.
- Политички функции или членства во државни или полудржавни организации, кои во најширока смисла на зборот имаат регулаторна или надзорна надлежност над една од компаниите на РЕХАУ, или ако нивната активност е директно поврзана со специфичните операции на РЕХАУ, како што е постапката за добивање на градежна дозвола.
- Надреденост,водство и надгледување на блиски лица доколку истите се вработени во РЕХАУ.

**Важност и задолжителна природа на Кодексот на однесување**
Кодексот на однесување важи за сите вработени во РЕХАУ, независно од нивната позиција и степен на работа и е цврсто составен дел на работниот однос. Непочитувањето води кон дисциплински мерки се до раскинување на договорот за работа.

**Придржување кон Кодексот на однесување**
Секој кој се сомнева како да постапи во одредена ситуација, а тоа да го направи во согласност со деловната култура на РЕХАУ и овој Кодекс на однесување, треба да се обрати до својот претпоставен.

© REHAU Industries SE & Co. KG, Rheniumhaus, Helmut-Wagner-Str. 1, 95111 Rehau
© REHAU New Ventures GmbH, Reichenberger Str. 17, 95111 Rehau
**www.rehau.com**

Документот е заштитен со авторски права. Правата, особено оние за превод, повторно печатење, повторна употреба на илустрации, радио-емитувања, репродукција со фотомеханички или слични средства и складирање во системите за обработка на податоци, се задржани.

7555 MK 08.2025